**Известување за концентрација со „А1 Бугарија“ ЕАД, Софија, Бугарија, стекнува целосна контрола над „СТЕМО“ ООД, Габрово, Бугарија (предмет бр. 08/93-2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 06.06.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која А1 Бугарија“ ЕАД, со регистрирано седиште на адреса ул. “Кукуш”, бр. 1, Дистрикт Илинден, 1309 Софија, Бугарија, стекнува целосна контрола над „СТЕМО“ ООД, со адреса на ул.“Николаевска“, бр. 48, 5300 Габрово, Бугарија, по пат на стекнување на 100% од акциите.

„А1 Бугарија“ ЕАД е индиректна фирма ќерка на Телеком Австрија АГ. А1 Телеком Австрија Групацијата претставува дел од Америка Мовил Групацијата и е активна во Северна Македонија како давател на мобилни телекомуникациски услуги, фиксни телефонски услуги, широкопојасен интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини преку Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (“А1 Македонија”).

„СТЕМО“ ООД на своите крајни корисници им нуди цел спектар на услуги:

- Испорака на ИТ хардвер и софтвер (HDS).
- Технолошки услуги – интеграција на ИТ инфраструктура (TS).
- Имплементација на деловни решенија САП АГ (BS).
- Развој и имплементација на сопствен софтвер.

Генерално, „СТЕМО“ ООД нуди широко портфолио на ИТ производи, решенија и услуги насочени кон градење, зголемување на ефикасноста, продуктивноста, безбедноста и доверливоста на ИТ инфраструктурата. Услугите што ги нуди го покриваат целиот животен циклус на секој информациски систем - консалтинг, истражување, анализа, дизајнирање, планирање, имплементација, обука, работење, оптимизација, одржување и обнова.

„СТЕМО“ ООД нема никакви активности, ниту дава некакви услуги на територијата на Северна Македонија.

За целите на ова Известување, релевантната дефиниција на пазарот може да се остави отворена, но во случај Комисијата да одлучи да го дефинира релевантниот пазар, Подносителот предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар на информатички и комуникациски технолошки (ИКТ) услуги, особено на пазарот за обезбедување услуги поврзани со снабдување, одржување и управување со интегрирани ИТ решенија, вклучувајќи телекомуникациска опрема и потрошувачка електроника. Релевантниот географски пазар треба да се дефинира најмалку како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.06.2022 година
Скопје